ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 113 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Програмата за подршка на невладините организации за 2016 година„ Градоначалникот на Општина Кавадарци му предлага на Советот на Општина Квадарци на седницата што ќе се одржи на ден ________2016 година, да донесе

# О Д Л У К А

## За Распределување на финансиски средства наменети за финансирање на проекти и програмски активности на здруженија и фондации

### Член 1

Финансиските средства предвидени по Програмата за подршка на невладиниот сектор и по „Јавен повик за прибирање на барања за користење на средствата од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година, наменети за финансирање на проекти и програмски активности на здруженија и фондации" бр.20-5015/1 од 19.10.2015 година се распределуваат на следниве организации кои се пријавиле:

| Бр. | Име на Организацијата | Износ на Доделени Средства во денари |
|---|---|---|
| 1. | Карневалска група Џоломари Бегниште | 20.000,00 |
| 2. | Здружение Чекор кон Европа | 30.000,00 |
| 3. | Друштво на ликовни уметници | 30.000,00 |
| 4. | Здружение на алтернативна култура Алтер Центар | 20.000,00 |
| 5. | Организација на жени Визија | 30.000,00 |
| 6. | Здружение на писатели Тиквешки Цветови | 20.000,00 |
| 7. | Здружение на граѓани Иднината е сега-Кавадарци | 20.000,00 |
| 8. | Општинска организација „Црвен Крст" - Кавадарци | 20.000,00 |
| 9. | Мобилност- Кавадарци | 15.000,00 |
| 10. | Здружение на глуви и наглуви лица Кавадарци | 15.000,00 |
| 11. | Центар за подршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА | 15.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Здружение Васил Хаџи Манов Џуниор | 20.000,00 |
| 13. | Здружение Ликовна Колонија Михајлово Арт | 25.000,00 |
| 14. | Здружение Сцена прва | 10.000,00 |
| 15. | Меѓународен фестивал на детски и младински хорови | 50.000,00 |
| 16. | ЕД Тисовец Возарци | 40.000,00 |
| 17. | Здружение за негување и развој на винската култура, вински туризам и производи од грозје - „ВИНОТЕК“ | 25.000,00 |
| 18. | Панчелито | 20.000,00 |
| 19. | Здружение на винари | 10.000,00 |
| 20. | ЗЗУЖС Еко-Живот Кавадарци | 30.000,00 |
| 21. | Локален центар за подршка на развојот и демократијата | 20.000,00 |
| 22. | Слоу Фуд Тиквеш | 30.000,00 |
| 23. | Карневалска група Сопот Тиквеш | 20.000,00 |
| 24. | Здружение на фестивалска уметност Фестивал Карневал | 5.000,00 |
| 25. | Здружение на граѓани за заштита и рехабилитација и организација на деца За РеО | 20.000,00 |
| 26. | Народна Техника | 20.000,00 |
| 27. | Радио клуб Искра | 10.000,00 |
| 28. | Аеро клуб Витачево | 20.000,00 |
| 29. | Здружение на слепи лица | 20.000,00 |
| 30. | Здружени за негување млади таленти Ластарчиња | 15.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 31. | Зона | 30.000,00 |
| 32. | Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди | 15.000,00 |
| 33. | Креактив | 10.000,00 |

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе се исплатат од Програмата Г1 Трансфер до Невладени организации и други трансфери, на ж- сметка на корисникот.

**Член 3**

Одобрените финансиски средства треба да се користат за проектни активности предвидени во апликацијата/пријавата, а во согласнст со Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ“, бр. 52/2010), и врз основа на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и Фондации (Сл. Весник на РМ бр.130/2007)

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.**
**_______2016 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Панов**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На ден 19.10.2015 Општина Кавадарци објави „Јавен повик за прибирање на барања за користење на средствата од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година, наменети за финансирање на проекти и програмски активности на здруженија и фондации“.

Врз основа на доставените проектни предлози од страна на Невладиниот сектор од Општина Кавадарци, Комисијата за евалуација на поднесените барања по објавениот Јавен повик бр.20-5015/1 од 19.10.2015 година, формирана со Решение бр. 04-788/1 од 16.02.2016 година ги разгледа проектните предлози и изврши двостепена евалуација ( административна и квалитативна).

Комисијата врз основа на извршената евалуација, врз основа на квалитетот на содржината и бенефитот од проектите на здруженијата и фондациите, го даде следниов предлог до Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Записниците од евалуацијата и предлог листата за финансирање на здруженија и фондации, беа во целост прифатени од страна на Градоначалникот на општина Кавадарци врз основа на што се изготви и оваа Предлог - Одлука.

Усвојувањето на оваа Предлог - Одлука води во насока на почитување на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и Фондации и врз определбата на Општина Кавадарци за транспарентно и одговорно работење.